## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 16.12.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6485 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 9 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
  „(1) *Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
  *(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.*“
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
  „(1) *Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
  *б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
  *(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.*“
- **Член 75-б од Изборниот законик**
  „*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект.“*

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 ставови 1 и 2; член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Овој, десетти по ред извештај, се однесува на периодот од 1 до 9 декември 2016 година, односно на последните девет дена во кој се анализира изборното медиумско известување во дневно-информативните емисии за време на изборната кампања. Примерокот, согласно Методологијата, е проширен на две дневно-информативни емисии од ударното време и опфаќа по девет изданија на „Дневникот“ во 20 часот и „Дневникот“ во 22 часот. Вкупната должина на анализираните прилози изнесува 5 часа 46 минути и 43 секунди.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ 24 Вести | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| **Активности на органите на власт** | | | |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:05:57 | 24,06 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:08:30 | 34,37 | % |
| Влада на РМ | 00:04:01 | 16,24 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:10 | 8,76 | % |
| Граѓански сектор | 00:04:06 | 16,58 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:24:44** | 100 | % |
| **Други теми поврзани со избори** | | | |
| Други субјекти | 00:54:44 | 25,92 | % |
| Левица | 00:02:58 | 1,40 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:12:36 | 5,97 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:04:26 | 2,10 | % |
| ДИК и други органи | 00:14:06 | 6,68 | % |
| Влада на РМ | 00:06:34 | 3,11 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:26:41 | 12,63 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:18:30 | 8,76 | % |
| Беса | 00:04:48 | 2,27 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:24:30 | 11,60 | % |
| Граѓански сектор | 00:14:25 | 6,83 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:03:38 | 1,72 | % |
| Без субјекти | 00:12:33 | 5,94 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:07 | 1,00 | % |
| Локална самоуправа | 00:02:16 | 1,07 | % |
| Судство | 00:02:58 | 1,40 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:22 | 0,65 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:02:00 | 0,95 | % |
| **Вкупно за тема:** | **03:31:12** | **100** | **%** |

| Активности на учесници во изборна кампања и кандидати | | | |
|---|---|---|---|
| Коалиција СДСМ и др. | 00:23:50 | 21,51 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:29:33 | 26,67 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:09:59 | 9,01 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:14:28 | 13,06 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:13:49 | 12,47 | % |
| Левица | 00:10:24 | 9,39 | % |
| Либерална партија | 00:00:53 | 0,80 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:04:39 | 4,20 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:01:49 | 1,64 | % |
| Беса | 00:01:23 | 1,25 | % |
| | **Вкупно за тема: 01:50:47** | **100** | **%** |
| | **Вкупно: 05:46:43** | | |

Со почетокот на изборната кампања, во сила влезе принципот за утврдување на балансот во известувањето за активностите на учесниците во изборната кампања – според бројот на потврдени листи со кандидати за пратеници, и имајќи го предвид интензитетот на кампањата. Во двете анализирани изданија на вестите, за известување од активностите во кампањите на коалициите и партиите се издвоени 1 час 50 минути и 47 секунди (Табела 1). Времето посветено на известување за четирите политички субјекти кои имаат по седум листи со потврдени кандидати е распределено на следниов начин: Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ - 29 минути и 33 секунди (26,67%); Коалицијата предводена од СДСМ - 23 минути и 50 секунди (21,51%); Коалицијата ВМРО за Македонија - 14 минути и 28 секунди (13,06%) и ДУИ - 9 минути и 59 секунди (9,01%). За активностите на учесникот во изборната кампања со 6 потврдени листи со кандидати – Коалицијата за промени и правда се одвоени 13 минути и 49 секунди (12,47%). За трите партии со по пет потврдени листи со кандидати времето е дистрибуирано на следниов начин: Левица - 10 минути и 24 секунди (9,39%), ДПА - 4 минути и 39 секунди (4,20%) и Либерална партија - 53 секунди (0,80%). За учесниците во изборната кампања со по 4 потврдени листи со кандидати е одвоено – за Коалицијата Алијанса на Албанците (Унитети, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди) - 1 минута и 49 секунди (1,64%), а за Беса - 1 минута и 23 секунди (1,25%).

За активностите на власта е информирано во прилози со траење од 24 минути и 44 секунди (Табела 1) каде што беа опфатени следниве теми: вест во низа за случајот Оливер Андонов против Оливер Спасовски – извештај од седницата на Антикорупциската комисија на која е прифатен приговорот од дополнителниот заменик-министер за внатрешни работи и приговорот за градоначалникот на Куманово Зоран Дамјановски; посетата на министерката за труд и социјална политика Фросина Ременски, на Заводот за рехабилитација на деца и младинци, инициран од меѓународниот ден на лицата со инвалидитет, како и нејзиното соопштение во врска со констатирани злоупотреби во некои од центрите за социјална работа.

Прилозите за други теми поврзани со избори траат 3 часа 31 минута и 12 секунди (Табела 1). Во оваа тема се категоризирани прилозите кои говорат за активностите на други субјекти; амбасадори/меѓународни организации/странски политичари; експерти/аналитичари; граѓанскиот сектор; ДИК; неколку субјекти-учесници во изборниот процес и др. Во категоријата *„други субјекти"* се кодирани изјавите и активностите на: Весникот Лајме; Назим Ејупи и Фатмир Битиќи од Стопанската комора на Северозападна Македонија; Владимир Џокиќ, музичар во Германија; Агенцијата Рејтинг; Влатко Пеливанов, анестезиолог во Канада; Слободан Унковски, режисер; Љубиша Станковиќ, новинар; Бранко Азески, Стопанска комора; Бедри Ајдари, брат на осуден во „Монструм". Оваа категорија е застапена со 54 минути и 44 секунди. Амбасадорите и странските политичари се застапени со 26 минути и 41 секунда преку: Петер Сијарто; Руската амбасада во Македонија и Станислав Љупин; Светска банка; Организацијата за европска соработка и развој; Амбасадата

на САД во Македонија; Берг Кундерс; Вилијан Браунфилд; Сергеј Станишев, претседател на ПЕС; Маја Коцијанчич; Питер Ван Хауте и др. Во овој извештаен период емитувани се изјави на повеќе *„експерти/аналитичари"*, меѓу кои: Слаѓана Тасева, Транспаренси интернешнл; Љупчо Петковски, МЦЕО; Митко Гаџовски, докторант по меѓународна политика; Алберт Муслиу, политички аналитичар; Никола Спасов, Агенција Рејтинг; Златко Кецковски, професор по безбедност; Климе Бабунски, колумнист; Ерол Ризаов, новинар колумнист; Ристо Никовски, политички аналитичар; Сашо Ордановски, аналитичар и др. Оваа категорија е застапена со 18 минути и 30 секунди. Категоријата „граѓански сектор" е застапена со 14 минути и 25 секунди, а во нејзе се опфатени пренесените соопштенија или директните обраќања на: Марија Тунева, Совет за етика; Билјана Петковска, МИМ; Драги Аргировски, претседател на Сојузот на пензионери; Бранимир Јовановски, Национален сојуз на лица со инвалидитет; Чедомир Трајковиќ, Центар за лица со попречување во развојот; Васко Марков, Национален сојуз на глуви; Џабир Дерала, Цивил; Слаѓана Тасева, Транспаренси интернешнл. Времето одвоено за ДИК изнесува 14 минути и 6 секунди, а присутни се преку информацијата дека новинар и главен уредник на дневен весник му се заканувал на член на ДИК, кој пак негира дека имало таква закана; соопштението во врска со финансиските извештаи на партиите; информацијата за избришани гласачи од избирачкиот список; техничките проблеми на нивниот веб сајт; информацијата за злоупотребата на можноста за порано гласање на болните и изнемоштени лица; како и преку информациите за подготвеноста на изборниот материјал и за бројката на домашни и странски набљудувачи. Категоријата „без субјекти" е застапена со 12 минути и 33 секунди, а во неа се кодирани изјавите на граѓаните од дијаспората околу организацијата на гласањето; изјавите за поткуп на ромски гласачи во Кавадарци; и анкетата за поставените партиски знамиња во Лисиче. Владата е присутна во оваа категорија со 6 минути и 34 секунди поради прилози кои не можат да се сместат во категоријата „активности на органите на власт" а се однесуваат на: веста од билтенот на МВР дека новинар и главен уредник на дневен весник му се заканувал на член на ДИК; средбата на министерот за надворешни работи Никола Попоски со министерот за надворешни работи на Унгарија Петер Сијарто; информацијата од МВР во врска со пријавата за сомнително возило пред американската амбасада; истрагата на МВР по пријавите за сомнежи дека се злоупотребува можноста за гласање порано на изнемоштени гласачи. Категоријата органи на државна управа/јавни претпријатија е застапена со 4 минути и 26 секунди, преку веста за вклученоста на Герентолошкиот завод Ѓорче Петров во случајот на МВР во кој се истражува по пријавите за сомнежи дека се злоупотребува можноста за гласање порано на изнемоштени гласачи. Судството е присутно со 2 минути и 58 секунди, преку извештајот од Основниот суд Скопје 1 дека во јавноста се емитувани снимки од затвореното судење на осомничените во случаите отворени од СЈО. Локалната самоуправа е застапена со 2 минути и 16 секунди преку пренесената изјава на градоначалникот на Аеродром Ивица Коневски за поставените партиски знамиња во населбата Лисиче. Јавното обвинителство пак, е присутно со 1 минута и 2 секунди, преку соопштението на ОЈО за оформени 42 предмети за изборни нерегуларности.

Значајно време во оваа тема имаат и неколку учесници во изборниот процес за активности кои не се дел од нивната изборна кампања. Коалицијата ВМРО ДПМНЕ и др. е застапена со 29 минути и 33 секунди, преку: веста за настапот на министерот за надворешни работи на Унгарија Петер Сијарто на митингот на ВМРО ДПМНЕ во Штип; ставот на ВМРО ДПМНЕ за податоците од Светска банка и од Организацијата за европска соработка и развој во врска со бројот на иселени лица од Македонија; прилогот за реториката во последната изјава на лидерот на ВМРО ДПМНЕ; информацијата за раскошот во седиштето на владејачката партија ВМРО ДПМНЕ и пренесената изјава на Иво Котевски; соопштението на ВМРО ДПМНЕ за темата „Политичка реторика или повик за ликвидација" после изјавата на лидерот Груевски за Ќосето; информациите за финансирањето на партиите и раскошот во зградата на ВМРО ДПМНЕ; поставените партиски знамиња во населбата Лисиче; веста за обидот за поткуп на ромски гласачи во Кавадарци; и прилогот со осврт на изборната кампања и последните пораки испратени од партијата. Коалицијата СДСМ и др. е застапена со 12 минути и 36 секунди преку: реакцијата на Васе Атанасовски од ЛДП во врска со изјавата на претседателот на Сојузот на пензионери; ставот на СДСМ околу податоците од Светска банка и од Организацијата за европска соработка и развој во врска со бројот на иселени лица од Македонија; прилогот за реториката во последната

изјава на лидерот на СДСМ; ставот на партијата за изјавата на Никола Груевски дека на Зоран Заев би му го пратил Ќосето; извештајот од средбата на претседателот на СДСМ со бизнисмените од Стопанската комора; осврт на изборната кампања и последните пораки испратени од партијата; и изјавата на Љубица Јанева, координатор на советничката група на СДСМ, околу веста за поставените партиски знамиња во населбата Лисиче. Беса е застапена со 4 минути и 48 секунди преку прилогот за средбата на бизнисмените од СКСЗМ со претставниците на Беса; и изјавата на лидерот Билал Касами за заканите кои ги добиваат од страна на ДУИ, дадена во интервју за 24 Вести, а емитувано во целост во емисијата Избори 2016 година. Коалицијата за промени и правда е застапена со 3 минути и 38 секунди преку вестите во низа за финансирањето на партиите и раскошот во зградата на ВМРО ДПМНЕ и изјавата на Владимир Змејковски на оваа тема; изјавата на Слободан Богоевски од учеството во дебатната емисија Отворено 24, за случајот Монструм. Левица се застапени со 2 минути и 58 секунди, преку прилогот за појавата на фракција во партијата. ДУИ е застапена со 2 минути и 7 секунди, преку: анализата на ДУИ пренесена од Артан Груби за евроазиските тајни служби; и одговорот на ДУИ на обвинувањата од претседателот на Беса. Коалицијата ВМРО за Македонија е застапена со 2 минути преку пренесената изјава на Љубе Бошковски од учеството во дебатната емисија Отворено 24, за случајот Монструм.

Во сите прилози со информативни жанрови, најмногу време за директни обраќања има за категоријата „други субјекти" – 34 минути и 3 секунди (23,54%), потоа за претставниците на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ – 20 минути и 19 секунди (14,05%) и за Коалицијата предводена од СДСМ – 19 минути и 5 секунди (13,19%). За експерти/аналитичари се одвоени 12 минути и 4 секунди (8,34%). Нема други субјекти со застапеност поголема од 10 минути (Табела 2).

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ 24 Вести | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:52 | 1,29 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:03:24 | 2,35 % |
| Граѓански сектор | 00:09:14 | 6,38 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:20:19 | 14,05 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:19:05 | 13,19 % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:09:32 | 6,59 % |
| Беса | 00:03:30 | 2,42 % |
| Други субјекти | 00:34:03 | 23,54 % |
| Експерти/аналитичари | 00:12:04 | 8,34 % |
| Влада на РМ | 00:01:20 | 0,92 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:07:24 | 5,12 % |
| Коалиција за промени и правда | 00:09:04 | 6,27 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:43 | 2,57 % |
| Левица | 00:07:04 | 4,89 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:22 | 0,94 % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:00:57 | 0,66 % |
| ДИК и други органи | 00:00:41 | 0,47 % |
| **Вкупно:** | **02:24:38** | **100** % |

***Посебни информативни емисии***

*Други информативни програми*

***Очи в очи***

Во извештајниот период, гледачите го изразуваа своето мислење на следниве теми во информативно контактната програма *Очи в очи:*

На 1 декември 2016 година, во 16 часот и 20 минути се емитуваше премиерно издание на емисијата на тема: „Дали мислите дека партиите ги злоупотребуваат финансирањата на предизборните кампањи?" Репризното издание беше емитувано наредниот ден со почеток во 8 часот и 6 минути.

На 2 декември 2016 година, со почеток во 16 часот и 15 минути, премиерното издание на емисијата беше на тема: „Која од политичките опции предничи во предизборната кампања?" Репризата беше емитувана на 5 декември 2016 година, со почеток во 8 часот и 7 минути.

На 5 декември 2016 година, во 16 часот и 15 минути се емитуваше премиерното издание на емисијата кое беше на тема: „Дали ве има во избирачкиот список или имате некакви проблеми со вашето избирачко право?" Репризно издание бележиме на 6 декември 2016 година, со почеток во 8 часот и 7 минути.

На 6 декември 2016 година, со почеток во 16 часот и 14 минути, се емитуваше премиерното издание на емисијата кое беше на тема: „Дали во политичките кампањи гледате решенија за спречување на иселувањето?" Репризата беше на 7 декември 2016 година, со почеток во 8 часот и 11 минути.

На 7 декември 2016 година, во 16 часот и 19 минути се емитуваше премиерно издание на емисијата на тема: „Дик ги негираше 80-те илјади пробни гласачки ливчиња, но не кажа колку отпечатиле?" Репризно издание бележиме на 8 декември 2016 година, со почеток во 8 часот и 8 минути.

На 8 декември 2016 година, со почеток во 16 часот и 19 минути, премиерното издание на емисијата беше на тема: „Предизборна реторика – Ќосето, Докурчев, летање глави, Амди Мечката, т`зи дупче не е дупче". Репризата беше на 9 декември 2016 година, со почеток во 14 часот и 16 минути.

На 9 декември 2016 година, во 16 часот и 15 минути се емитуваше премиерно издание на емисијата на тема: „Пред да замолкнете, споделете ги последните мисли пред овие избори."

***Мој термин***

На 1 декември 2016 година, со почеток во 18 часот и 2 минути, се емитуваше премиерно издание на емисијата со гостинот Мухамед Халили, кандидат за пратеник од ПДП во изборна единица 6. Репризното издание беше на 2 декември 2016 година, со почеток во 14 часот и 10 минути.

На 2 декември 2016 година, со почеток во 18 часот и 2 минути, премиерното издание на емисијата беше со гостинот Димитар Апасиев, кандидат за пратеник од Левица во изборната единица 6. Репризното издание беше на 3 декември 2016 година, со почеток во 3 часот и 16 минути.

На 5 декември 2016 година, со почеток во 18 часот и 1 минута, се емитуваше премиерно издание на емисијата, во кое гостуваше Елена Димушевска од Националната мрежа за заштита од насилство врз жените. Темата беше: „ВМРО ДПМНЕ и ДУИ не ја потпишаа декларацијата против насилство врз жените." Репризата беше на 6 декември 2016 година, со почеток во 14 часот и 15 минути.

Емисијата емитувана на 6 декември 2016 година, со почеток во 18 часот и 3 минути, беше со гостинот Стојанче Ангелов, носител на листа во изборната единица 3 од редовите на Коалицијата ВМРО за Македонија. Истата беше репризирана наредниот ден со почеток во 14 часот и 15 минути.

На 7 декември 2016 година, со почеток во 18 часот и 6 минути, се емитуваше премиерно издание на емисијата, во кое гостуваше Павле Трајанов од Коалицијата за промени и правда. Репризата беше емитувана на 8 декември 2016 година, со почеток во 14 часот и 20 минути.

На 8 декември 2016 година, со почеток во 18 часот и 2 минути, премиерното издание на емисијата беше со гостинот Ивон Величковски, ЛП. Репризното издание беше на 9 декември 2016 година, со почеток во 14 часот и 16 минути.

На 9 декември 2016 година, со почеток во 18 часот и 1 минута, последното издание на емисијата беше без гостин. Водителот нагласи дека не успеале да донесат ниту еден од учесниците во изборниот процес и потенцираше дека во циклусот емисии во кои гостуваа лидерите на политичките партии, пет партии го одбиле учеството. Оваа емисија беше реализирана со директно јавување на гледачите кои го изразуваа своето мислење на претходно поставената тема: „Пред да замолкнеме, споделете ги последните мисли пред овие избори."

***Фактор 24***

На 7 декември 2016 година, со почеток во 23 часот и една минута, се емитуваше политичко информативниот магазин *Фактор 24* со водителот Горазд Чомовски. Во емисијата се третираа повеќе теми со економска и политичка тематика. Беа емитувани и разговори со универзитетските професори Трајко Славевски и Иво Трајковски; новинарот Сашо Коколанов и фоторепортерот Роберт Атанасовски.

***СКУП Македонија***

На 8 декември 2016 година, со почеток во 19 часот и 19 минути, се емитуваше ново издание на емисијата реализирана од СКУП Македонија и Нова ТВ. Темата беше: „Како ВМРО ДПМНЕ стана една од најбогатите партии во Европа?" Се емитуваа изјави од Петар Гошев, Абдулменаф Беџети и Љубчо Георгиевски.

*Интервјуа*

На 3 декември 2016 година, се емитуваше мини интервјуто на Гласот на Америка со Ивон Величковски, Либерална Партија.

На 4 декември 2016 година, се емитуваше неделното интервју на Радио Слободна Европа со Зоран Заев, Коалиција СДСМ и др.

На 6 декември 2016 година, се емитуваше мини интервјуто на Гласот на Америка со Љубчо Георгиевски, Коалиција ВМРО за Македонија. Истиот ден се емитуваа и интервјуата со Лилјана Поповска и Горан Милевски, Коалиција СДСМ и др. и со Зиадин Села, Алијанса на Албанците.

На 7 декември 2016 година, се емитуваше реприза од мини интервјуто на Гласот на Америка со Горан Милевски, Коалиција СДСМ и др. и со Зиадин Села, Алијанса на Албанците. Истиот ден беше премиерата на интервјуата со Фијат Цановски, Коалиција СДСМ и др. и Билал Касами, БЕСА.

На 9 декември 2016 година, се емитуваше мини интервјуто на Гласот на Америка со Зоран Заев, Коалиција СДСМ и др.

*Дебатни емисии*

***Избори 2016 година***

На 1 декември 2016 година, во два наврати истиот ден, со почеток во 1 часот и 15 минути и во 11 часот и 2 минути, како и на 2 декември, во раните утрински часови, се емитуваше репризно издание на емисијата *Избори 2016 година* со водителот Сеад Ризвановиќ и гостите: Един Јакуповиќ, ДНЕТ; Џевал Хоџиќ, граѓански активист и Рубин Земон, Алијанса за позитивна Македонија. Водителот посочи дека за учество во

дебатата биле поканети, но го откажале учеството и: Иван Стоилковиќ, ДПС; Кенан Хасипи, ДПТ; Ердоган Сарач, ДНЕТ; Мите Костов, Партија на власите, Нежден Мустафа, Обединета партија за еманципација на Ромите и Шабан Салиу, ОДСР.

На 2 декември 2016 година, со почеток во 11 часот и 2 минути, имаше репризно издание на емисијата *Избори 2016 година* со водителката Душица Мрѓа на тема - Предвремените парламентарни избори и претставувањето на партиите и коалициите кои самостојно настапуваат на изборите, а беше со: Стефан Богоев, Коалиција СДСМ и др.; Амела Цана, ДУИ; Андреј Јованчевски, Левица. Претставниците на ВМРО ДПМНЕ и ДПА не одговориле на поканата да гостуваат во дебатната емисија.

На 2 декември 2016 година, со почеток во 21 часот и 1 минута, се емитуваше премиерно издание на емисијата *Избори 2016 година* со водителот Мишко Иванов. Гостин беше: Никола Спасов (Агенција "Рејтинг"), а се разговараше за анкетата на Агенцијата „Рејтинг" направена по нарачка на ТВ 24 Вести. Репризното издание беше на 3 и на 5 декември 2016 година.

На 4 декември 2016 година, со почеток во 18 часот, беше емитувана репризата на емисијата *Избори 2016 година* со водителката Анета Додевска и гостите: Александар Чомовски, новинар-уредник; Алберт Муслиу, аналитичар и Јадранка Костова, новинар-уредник. Се дебатираше за присуството на Себастијан Курц на митингот на ВМРО ДПМНЕ, за реализираната анкета на ТВ Телма за рејтинзите на политичките партии, за митинзите на партиите и др. Емисијата повторно беше репризирана наредниот ден.

На 5 декември 2016 година, со почеток во 20 часот и 29 минути, се емитуваше премиерното издание на емисијата *Избори 2016 година* со водителката Душица Мрѓа на тема - Предвремените парламентарни избори. Во емисијата, наместо дебата, се емитуваше интервју со претседателот на ДУИ и кандидат за пратеник во ИЕ 6, Али Ахмети, направено во седиштето на ДУИ во Мала Речица. Репризното издание беше на 6 и на 7 декември 2016 година.

На 5 декември 2016 година, со почеток во 21 часот и 37 минути, се емитуваше премиерно издание на емисијата *Избори 2016 година,* со водителот Сеад Ризвановиќ, на тема - Предвремените парламентарни избори. Емисијата беше реализирана како интервју со Љубчо Георгиевски, носител на кандидатска листа на Коалицијата ВМРО за Македонија. Репризното издание беше на 6 декември 2016 година.

На 6 декември 2016 година, со почеток во 21 часот, беше емитувана премиера на емисијата *Избори 2016 година,* со водителката Анета Додевска, а гостин беше Зоран Заев, лидерот на СДСМ, со кого се разговараше за Предвремените парламентарни избори. Емисијата се репризираше на 7 и на 8 декември 2016 година.

Емисијата *Избори 2016 година,* со водителката Душица Мрѓа, емитувана на 7 декември, беше интервју со претседателот на Беса, Билал Касами. Репризата беше на 8 и на 9 декември 2016 година.

На 9 декември 2016 година, со почеток во 20 часот и 45 минути, се емитуваше премиерно издание на емисијата *Избори 2016 година,* со водителот Мишко Иванов, во која гости беа Љубомир Фрчковски (универзитетски професор) и Ибрахим Мехмети (политички аналитичар). Говореа за предизборната кампања.

***Отворено 24***

На 1 декември 2016 година, со почеток во 20 часот и 43 минути, беше емитувано премиерно издание на емисијата Отворено 24, дебатна емисија со гости и публика во студио. Водител беше Младен Чадиковски, а гости беа: Слаѓана Тасева (Транспарентност Македонија), Дарко Алексов (МОСТ), Самоил Малчевски (универзитетски професор), Џабир Дерала (НВО Цивил). Во емисијата е емитуван и разговор со министерката за информатичко општество и администрација, Марта Томовска Арсовска. Дебатата беше за финансирањето на политичките партии во предизборната кампања, за прекршоци и притисоци врз вработените во јавните институции. Репризното издание на емисијата беше на 4 декември 2016 година.

На 8 декември 2016 година, со почеток во 20 часот и 45 минути, беше емитувано премиерно издание на Отворено 24. Дебатната емисија со гости и гледачи во студиото, активно вклучени во дебатата, ја водеше Младен Чадиковски, а беше на тема: Дали ќе има правда по изборите на 11 декември? Гости беа: Слободан

Богоевски (поранешен шеф на УБК од Коалицијата за промени и правда); Љубе Бошковски (Коалиција ВМРО за Македонија); Ване Цветанов (поранешен директор на Агенцијата за спречување перење пари); Алајдин Демири (поранешен градоначалник на Гостивар). Емисијата се репризираше наредниот ден по полноќ.

***Сектор за програмски работи***